# "Златна бубамара" ќе слави полнолетство

## ИДНИОТ МЕСЕЦ ВО УНИВЕРЗАЛНА САЛА

"Смеете да се смеете" е мотото на манифестацијата "Златна бубамара на популарноста", која ќе се одржи на 19 февруари, во Универзалната сала во Скопје. Ова го одлучи штабот на манифестацијата, кој овие денови се состана во револуционерниот град Крушево за да го направи сценариото и за ги одбере најдобрите за минатата година.

"Златна бубамара на популарноста" годинава ќе се одржи по 18. пат, што значи полнолетството ќе помине во знакот на смеењето, аплаузите и добрата забава, бидејќи и минатата година беше плодна за обработка на политички и на општествено-сатирични теми. Од штабот велат дека деновиве ќе се знае кои ќе бидат музичките гости и кој ќе ја добие наградата за животно дело. Водител и годинава ќе биде неприкосновениот Сашко Коцев. Како гости се планирани најпопуларните во регионот.



*Лани ја викаа да ја наградат во многу градови во бивша Југославија, но таа дојде само во Скопје.-Северина на сцена со Влатко Стефановски*


